**УПАТСТВО ЗА ПАЦИЕНТОТ**
**ТРИДЕРМ® / TRIDERM®**
**маст**
***betamethasonum, clotrimazolum, gentamycinum***

***Пред да почнете со употреба на лекот, внимателно прочитајте го упатството.***

- *Чувајте го упатството. Може ќе треба да го прочитате повторно.*
- *Ако имате дополнителни прашања, обратете се кај Вашиот лекар или фармацевт.*
- *Овој лек Ви е препишан Вам лично и не треба да го препорачувате на други лица, бидејќи може да им наштети дури и ако нивните симптомите се исти како Вашите.*
- *Доколку некое од несаканите ефекти стане сериозно или доколку забележите некое несакано дејство кое не е набројано во ова упатство, Ве молиме информирајте го Вашиот лекар или фармацевт.*

**Во ова упатство ќе прочитате:**

1. Што претставува TRIDERM® маст и за што се употребува.
2. Пред да почнете со употреба на TRIDERM® маст.
3. Како се употребува TRIDERM® маст.
4. Можни несакани реакции.
5. Чување и рок на употреба на TRIDERM® маст.

**TRIDERM® маст**
*betamethasonum, clotrimazolum, gentamicinum*

**ЗА НАДВОРЕШНА УПОТРЕБА**

**Активна супстанција:** бетаметазон, клотримазол, гентамицин. 1 g маст содржи 0.5 mg бетаметазон во облик на бетаметазон дипропионат, 10 mg клотримазол и 1 mg гентамицин во облик на гентамицин сулфат.
**Помошни супстанции:** течен парафин, бел вазелин.
**Носител на одобрението за промет:** Претставништво ШЕРИНГ-ПЛАУ ЦЕНТРАЛ ИСТ АГ- Скопје, Ул. Орце Николов бр. 75, 1000 Скопје, Македонија, тел. 3230 728
**Производител:** Schering Plough Farma, Lda., Casal Colaride, Agualva, Cacem, Португалија.

**1. ШТО ПРЕТСТАВУВА TRIDERM® МАСТ И ЗА ШТО СЕ УПОТРЕБУВА?**
Фармацевтска форма: Маст.

Големина на пакување: 15g маст во алуминиумска туба.

Triderm® маст содржи глукокортикоиден кортикостероид во комбинација со антигабичен и антибактериски лек.
Triderm® маст може да се применува за олеснување на симптомите на воспаление при болести на кожата кои реагираат на гликокортикоидни кортикостероиди, а кај кои е присутна бактериска или габична инфекција, или се сомнева на таква инфекција.

**2. ПРЕД ДА ПОЧНЕТЕ СО УПОТРЕБА НА TRIDERM® МАСТ.**
**Немојте да употребувате Triderm® маст:**

- ако сте имале алергиска реакција (со отежнато дишење и осип) на супстанциите на лекот или на други гликокортикоидни стероиди.

**Мерки на претпазливост при употребата на Triderm® маст**
При употребата на Triderm® маст, информирајте го својот лекар:

- доколку сте бремени или доите,
- во било која друга медицинска состојба.

Triderm® маст не треба да се употребува на големи површини на телото, бидејќи со тоа се зголемува количината на апсорбиран лек. Немојте да употребувате Triderm® маст почесто или подолго од она што ви го препишал вашиот лекар. Обратете се кај вашиот лекар доколку на зафатеното место на кожата дојде до влошување на состојбата или доколку се развие нова инфекција.

Овој лек е само за надворешна употреба на кожа. Избегнувајте контакт со очите.

**Употреба на други лекови**
Информирајте го својот лекар доколку земате други лекови, вклучувајќи ги и оние лекови кои се издаваат без рецепт.

**Влијание врз способноста за возење и управување со работни машини**
Не е применливо.

## 3. КАКО СЕ УПОТРЕБУВА TRIDERM® МАСТ

Нанесете тенок слој Triderm® маст на заболениот дел од кожата и нежно втријте го во кожата, два пати на ден, наутро и навечер. Не ставајте завој или на друг начин не го покривајте третираниот дел од кожата, освен ако вашиот лекар тоа не ви го препорачал.

**Предозирање**
Triderm® маст треба да се употребува исклучиво во препорачани дози. Обратете се кај својот лекар доколку сте употребиле Triderm® маст во поголема количина или во поголг период од препорачаниот.

**Доколку сте заборавиле да нанесете Triderm® маст**
Доколку сте заборавиле да нанесете Triderm® маст како што ви е препорачано, нанесете веднаш штом се сетите, а потоа продолжете со вообичаениот начин на употреба.

## 4. МОЖНИ НЕСАКАНИ РЕАКЦИИ

Како и сите други лекови, Triderm® маст може да предизвика несакани дејства, иако не се јавуваат кај сите пациенти.

При појава на некои несакани реакции, можна е потребата од медицински надзор. Обратете се кај својот лекар доколку било која од следниве несакани реакции не се повлекува или ви создава непријатност: печење, болка, јадеж, иритација, сува кожа, зголемена влакнатост, акни, промена на бојата на кожа, иритација или црвенило на лицето, инфекција на кожата, истенчување на кожата со полесна можност за настанување на модринки, стрии, осип, меури на кожа.

Деца и адолесценти кои треба да го употребуваат препаратот мора да бидат под внимателна контрола на лекар, бидејќи овој лек се апсорбира преку кожата и може да влијае на растот или да предизвика некои други несакани реакции.

При појава на било која несакана реакција, информирајте го Вашиот лекар.

## 5. ЧУВАЊЕ И РОК НА УПОТРЕБА НА TRIDERM® МАСТ

Да се чува на температура до $25^0$C.
Лекот да се чува на места недостапни за деца!

**Рок на употреба**
Немојте да го употребувате лекот по истекот на рокот на употреба обележан на пакувањето.

**Начин на издавање на лекот**
Лекот се издава само со лекарски рецепт (Р).

**Датум на последна ревизија на внатрешното упатство**
Внатрешното упатство е одобрено во Јули 2012.

**Број и датум на одобрението за ставање на лекот во промет**
15-5565/12 од 01.08.2012.